Република Северна Македонија
НОТАР
СИМОНА НИКОЛИЌ
улица Народен фронт број 19 а, локал број 1, ДТЦ Беверли хилс
05.11.2024
(ден пети, месец ноември, година две илјади и дваесетичетвртта)
12.00(дванаесет часот)

ОДУ број 359/24
Извод

Јас, нотар СИМОНА НИКОЛИЌ од Скопје, со надлежност на подрачјето на Основните судови на град Скопје, потврдувам дека на 05.11.2024 година (ден пети, месец ноември, година две илјади и дваесетичетвртта) на барање на Владомир Петровски како овластено лице од раководните органи на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ , присуствував на Собрание на акционерите на Банката со почеток во 12.00 (дванаесет часот ), во просториите на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ со седиште на улица Народен фронт број 19 а ,и притоа согласно член 92 од Законот за нотаријатот, (Службен весник на РМ број 72/2016 и 142/2016 и неговите измени) и член 400-а од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ број 28/2004 и неговите измени) го составив следниот---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ЗАПИСНИК ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ**

Со седиште на улица Народен фронт 19 а во Скопје со ЕМБС број 6121110. Со увид во изводот од Акционерската книга за ИСИН МКТТКС101012 на ден 04.11.2024 година(ден четврти, месец ноември,година две илјади и дваесетичетвртта)-електронски запис, утврдив дека вкупната основна главнина на ТТК Банка АД СКОПЈЕ изнесува 1.033.173.000,00 МКД со број на издадени обични акции 1033173 сопственост на иматели на акции според акционерската книга.--------------------------------------------------------------------------------------------------------
Со увид во приложената документација утврдив дека собранието е свикано врз основа на донесена Одлука број 02-7540/2 од 30.09.2024 година за свикување на Собрание на акционери на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ, од страна на Надзорниот одбор на Банката, донесена на оддржаната седница на Надзорниот одбор на ден 30.09.2024 година (ден триесетти,месец септември,година две илјади и дваесетичетврта). Собранието на акционери на Банката беше свикано со јавен повик за учество на собранието на акционери на Банката објавен во весникот Вечер на ден 02.10.2024 година.(ден втори, месец октомври ,година две илјади и дваесетичетвртта)----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно доставената и приложената документација во врска со чл 400-а од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ број 28/2004 и неговите измени) составен дел на овој записник е и списокот на иматели на акции, нивни застапници или полномошници кои ги доставија своите гласови по пат на коресподенција пред денот на одржување на собранието-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

На собранието според верификуваниот список ,по пат на коресподенција гласаа и ги доставија своите гласови следните иматели на акции, нивните законски застапници или полномошници:---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

ВОЛНАРСКИ КОМБИНАТ ТОДОР ЦИПОВСКИ -МЕРЏАН ТЕТЕКС АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО –ТЕТОВО претседателот на одбор на директори Борислав Трповски , За Настел доо Скопје законскиот застапник Зоран Азманов, Томе Волкановски, За ТИМ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје законскиот застапник Владе Пазарџиевски,За КБ Инвест АД Скопје законскиот застапник Горан Марковски, За Македонијатурист АД Скопје претседателот на управниот одбор Мирјана Таневска-Ефремова, Бобан Гоговски, Димитри Трповски, Лоди Гоговска, Тито Беличанец, Љубе Алексовски, Меџит Цапа, Доне Таневски, Иванка Гоговска,Душко Мишески, Владе Пазарџиевски, Звонимир Ристоски,Тодорче Ристовски,Евгенија Трпкоска,Наталија Алексова, За ШАРТЕКС-М доо Тетово законскиот застапник Мирослав Алексовски, Жарко Трпкоски,Драгица Јовановска, Климе Бабунски, Анче Волкановска – Николовска, Филип Ристовски, Весна Колева, За ТИМ С ДОО Скопје законскиот застапник Јасмина Пазарџиевска Глигорова, Наташа Кузмановска, Зоран Јовановски,Владо Камбовски, Елена Пазарџиевска Ристовска, Патриша Трајковска, Христијан Трифуноски, Јасмина Пазарџиевска Глигорова, Цветанка Волкановска Илијевска, Томислав Алексов, Борислав Трповски, Томче Јаковчевски, Андромахја Стефаноска, Алексеј Лосев, Александар Ивановски, Олга Петроска, Владимир Ѓеровски,Стеван Томовски, Дарко Јандрески,Виолета Мишевска,Зоран Колев,Мирјана Бојкова Арсовска и Ивона Колева,-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

За претседавач на ова собрание на акционерите беше предложен Томе Волкановски кој беше избран и едногласно изгласан за претседавач на ова собрание на акционери на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ.----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавач Томе Волкановски ________ср________

Претседавачот Томе Волкановски констатира дека во законските рокови се задоволени сите услови за оддржување на ова Собрание на акционерите, односно дека за истото гласале по пат на коресподенција претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 782.852 обични акции, што од вкупно 1.033.173 обични акции претставува 75,77% и дека постои кворум за работа на Собранието и за негово полноважно одлучување и дека во законските рокови од акционерите не е доставен предлог за измена или дополнување на дневниот ред за оваа седница ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Дневниот ред се состои од :---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**I.ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:**

1. ОТВОРАЊЕ НА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ;
2. ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ;

**II.РАБОТЕН ДЕЛ:**

1. УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАПИСНИКОТ ОД 42-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА БАНКАТА ОДРЖАНО НА ДЕН 02.07.2024 ГОДИНА ;
2. РАЗГЛЕДУВАЊЕ ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ;
3. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗВРШЕНАТА ОЦЕНА НА СООДВЕТНОСТА НА КАНДИДАТОТ ЗА НЕЗАВИСЕН ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ;

1.Претседавачот Томе Волкановски за првата точка од дневниот ред- УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАПИСНИКОТ ОД 42-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА БАНКАТА ОДРЖАНО НА ДЕН 02.07.2024 ГОДИНА констатираше дека за усвојување на истата согласно приложената документација гласале по пат на коресподенција претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 782.852 обични акции.Воздржани и против нема,што од вкупно иматели на 782.852 обични акции, претставува 100 %,гласови .-----------------------------------------------------------------------------------------------
**Претседавачот констатираше дека ЗАПИСНИКОТ ОД 42-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА БАНКАТА ОДРЖАНО НА ДЕН 02.07.2024 ГОДИНА е полноправно усвоен од страна на имателите на акции.---**
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

2. Претседавачот Томе Волкановски за втората точка од дневниот ред- РАЗГЛЕДУВАЊЕ ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ констатираше дека за усвојување на истата согласно приложената документација гласале по пат на коресподенција претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 782.852 обични акции.Воздржани и против нема,што од вкупно иматели на 782.852 обични акции, претставува 100 %,гласови .-----------------
**Претседавачот констатираше дека ПРЕДЛОГ-ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ е полноправно усвоена од страна на имателите на акции.--------------------------------**
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

3.За третата точка од дневниот ред ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗВРШЕНАТА ОЦЕНА НА СООДВЕТНОСТА НА КАНДИДАТОТ ЗА НЕЗАВИСЕН ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ претседавачот Томе Волкановски констатираше дека за усвојување на истата согласно приложената документација гласале по пат на коресподенција претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 782.852 обични акции.Воздржани и против нема,што од вкупно иматели на 782.852 обични акции, претставува 100 %,гласови .---------------------------------------------------------------------
**Претседавачот констатираше дека ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗВРШЕНАТА ОЦЕНА НА СООДВЕТНОСТА НА КАНДИДАТОТ ЗА НЕЗАВИСЕН ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ е полноправно усвоена од страна на имателите на акции.-----------------------------------------------------------------------------------------**
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата заврши во 12.15(дванаесет часот и петнаесетминути).-------------------------------------------------------------
Составен дел од овој записник се: Одлуката од Надзорниот одбор за свикување на седницата на Собранието,список на верифицирани акционери кои гласале по пат на коресподенција заверен од претседавачот и нотарот, Извод од акционерска книга од ЦДХВ-електронски запис , и одлуки по материјалите согласно дневниот ред на седницата. на Собранието.-------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Овој записник лично го составив и истиот е сочинет на две страници на два листа. Овој записник е составен во

Претседавач Томе Волкановски ________ср________

четири еднообразни примероци.Нотарска такса за ваков вид на дејствие не е предвидена.Нотарската награда според чл. 41 од Нотарската тарифа е пресметана во висина од 10.000,00.-----------------------------------------------------
Записникот е прочитан и потпишан од претседавачот

Томе Волкановски ______________ср________________

ОДУ 359/24
05.11.2024
(ден пети, месец ноември, година две илјади и дваесетичетвртта)

НОТАР
СИМОНА НИКОЛИЌ

Јас, **НОТАР СИМОНА НИКОЛИЌ**
ул. Народен Фронт број 19а, лок 1, ТЦ Беверли Хилс
потврдувам дека е овој извод идентичен со изворникот.
Овој е извод - потполн -во извадок,
кон кого не се приложени-се приложени/преписи од прилогот на нотарската исправа
ОДУ број 359/2024
Во Скопје 05.11.2024 НОТАР